Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 12.03.2026
Организ. ед. Бр. 09-93/1

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судијата Елизабета Васкова - претседател на советот и судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз и м-р Тања Терзиева - членови на советот, со записничар м-р Наташа Витанска - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Селаудин Арифи од Кичево, поднесена преку полномошник Влатко Величковски адвокат од Скопје, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-18/4 од 25.07.2025 година, по одржаната јавна расправа на ден 10.02.2026 година, во присуство на полномошникот на тужителот Влатко Величковски адвокат од Скопје, и во присуство на овластени претставници на тужениот орган Валентина Николова од Скопје, Надица Четорошка од Скопје и Михаела Вељковиќ од Скопје, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови, ја донесе и на ден 17.02.2026 година, јавно ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Селаудин Арифи од Кичево, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-18/4 од 25.07.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, во точка 1 во диспозитивот, утврдено е дека физичкото лице сега тужителот Селаудин Арифи од Кичево, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата бил должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата, да достав известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред 14.07.2023 година, истиот во наведениот период не поднел известување за концентрација, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на тужителот Селаудин Арифи од Кичево му се изрекува санкција-глоба во износ од 307.000 денари што претставува 0,1% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата и Во точка 2 утврдено е дека физичкото лице сега тужителот Селаудин Арифи од Кичево иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, тужителот ја спровел концентрацијата на 14.07.2023 година, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата за што на тужителот Селаудин Арифи од Кичево му се изрекува санкција-глоба во износ од 1.291.000 денари што

претставува 0.418 % од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

За прекршоците од точка 1 и 2 од оспореното решение на тужителот на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.598.000 денари што претставува 0,517 % од вредноста на од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, која се задолжени да ја платат во рок од 30 дена од правосилноста на решението.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот поднесе тужба за управен спор, со која ја оспори законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на пресудата, поради суштествени повреди на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека тужениот орган погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба бидејќи недоволно ги ценел доставените материјални докази како и дејствијата кои се превземени од страна на тужителот во насока на исполнување на обврската за достава на известување до Комисијата за заштита на конкуренција по член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, а со што се прекинати дејствијата кои претставуваат прекршок во моментот кога Комисијата повела постапка. Имено тужителит постапувајќи во согласност со членот 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, доставил Известувања за концентрација до Комисијата на 25.08.2023 година, на 15.09.2023 година и на 29.09.2023 година, потврдено со приемен печат, видно од чија содржина тужителот веднаш по настанатата концентрација го известил тужениот орган дека стекнал мнозинско учество во основната главнина во Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево и постапил по забелешките на Комисијата за доставување на дополнителна документација. Меѓутоа, во конкретниот случај имало молчење на администрација односно Комисијата наместо во рок од 90 дена од доставување на известувањето во 2023 година, донела Решение за предметната концентрација согласно член 24 став 3 од Законот за заштита на концентрација, 2 години подоцна на ден 16.07.2025 година. Ова дотолку повеќе што тужениот орган донел Решение за концентрација на 16.07.2025 година, во кое утврдил дека предметната концентрација нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефикасната контрола на пазарот, па кога веќе одобрил концентрација не бил во можност подоцна со побиваното Решение од 25.07.2025 година да утврди дека концентрацијата била спроведа без да биде донесено Решение за концентрација, која впрочем веќе постела во правен промет. Воедно, тужениот орган погрешно го применил материјалното право кога утврдил прекршочна одговорност за ист опис на дејствија на прекршокот, за кои изрекот две прекршочни санкции, со што ваквото постапување на тужениот орган е спротивно на член 5 од Законот за прекршоци.

Тужениот орган ги достави списите на предметот и во одговор на тужба наведе дека, останува во целост при наводите во оспореното решение, од причина што во конкретниот случај фактичката состојба била целосно и правилно утврдена и правилно било применето материјалното право, поради што предложи тужбата на тужителот да биде одбиена како неоснована.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до полномошникот на тужителите со цел да се запознае со неговата содржина, по кој истиот писмено не се произнесе.

Јавната расправа закажана за 10.06.2026 година, се одржа во присуство на полномошникот на тужителот и овластените претставници на тужениот орган.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот истакна дека останува при наводите во тужбата. Во однос на наводите во одговор на тужбата од тужениот орган неспорно е дека со истите се потврдува фактичкта состојба изложена во тужбата а тоа е дека тужителот поднел известување за концентрација веднаш по настанување на истата и тоа на ден 25.08.2023 година, 15.09.2023 година и 29.09.2023 година. Дополнително, истакна дека тужителот на денот на настанување на концетрацијта на 14.07.2023 година, го известил тужениот со допис за немерата за превземање и за настанување на концетрацијта помеѓу друштвата учесници во концетрацијта. На овој начин тужителот постапил во целост согласно член 15 став 1 од ЗЗК во кој е предвидено дека известувањето на концетрација се доставува по стекнување на мнозинство учество во основнта главнина како што е сторено во конкретниот случај. Во однос на ова постапката заведена кај тужениот орган, тужителот не добил одговор ниту било каков акт, ниту пак решение со кое ова известување од страна на тужителот се отфрла. При вакви услови кога тужителот не бил запознаен во односно на тоа како е окончена оваа постапка по концетрацијта не може да му се стави на товар дека истиот не постапувал согласно законот. При ваква состојба кога тужениот донел позитивно решение по однос на концетрацијата, после две години по известувањето за концентрацијата, сметаат дека подоцнежното сега оспорено решение дека постапка е спроведна без да се донесе решение за концетрација и без доставено известување е во целост неосновано. По однос на прекршочната глоба сметаат дека прекршокот предевиден во член 18 од ЗЗК го апсорбира битието на прекршокот од член 15 затоа што овој член е предвидено казна за спроведување на концетрација без донесување на решение на концетрација во кое е наведено дека пред и по поднесување на известувањето за концетрација. Поради тоа сметаат дека описот на овој прекршок го содржи прекршокот од член 15 за неподнесување на известување и поради тоа не може тужителот 2 пати да биде казнет за еден исти прекршок.

Претставникот на тужениот орган, Валентина Николова истакна дека остануваат во целост на ставовите изложени во одговорот на тужба и сметаат дека решенито на Комсијата е донесено врз основа на правилно утврдена фактичка состојба и во согласнот со законот. Неспорно е дека тужителот доставил известување за концетрација на 25.08.2023 година и дополна на 15.09.2023 година и на 29.09.2023 година. Комисијата го имала во предвид членот 15 став 5 од ЗЗК каде што вели дека како ден на пријава од известуавањето се смета денот кога Комсијата ги примила сите барани податоци и исправи. Со известувањето и двете дополни тужителот не ги доставил сите брани податоци во рок заради што Комисијта од 12.10.2023 година донела решение бр. 08-129 од 12.10.2023 година, со кое што ова известување го отфрлила согласно член 39 од ЗОУП. Како доказ за прием на ова решение има приложено доказ во списите на предметот. Од тука неосновани се наводите на тужителот дека дури по две години за истиот предмет Комисијата донела решение за предметната концетрација. Имено решенито 08-92 од 16.07.2025 година, Комисијата го донела врз основа на ново доставено известување и дополна на истото од 2025 година. Тужителот веднаш по носење на решенито 08-129 од 12.10.2023 година намал законска пречка веднаш да достави ново целосно известување за концерација, но истиот тоа го сторил две години подоцна во 2025 година. Во однос на наводите на тужителот дека членот 18 од ЗЗК го апсорбира битието на прекршокот на член 15 од ЗЗК , доколку внимателно се чита членот 18 во спроведување на концетрацијта пред да биде поднесено изветсување се упатува на член 15 од ЗЗК, во кој јасно се наведува дека по поднесување на известување а пред да биде донесено решение од Комисијта исто така не смее да

се спроведе концетрацијата. Од тука јасно е дека членот 15 е прекршен кога концетрацијта е спроведна пред да биде поднесно известување а членото 18 е прекршен кога е спроведана концетрацијата пред да биде донесено решениото од Комсијата па дури и доколку претходно било поднесено известување. Исто во однос на член 15 став 1 од ЗЗК известување за концетрација се доставува пред нејзино спроведување а по склучување на договор за спојување односно по објавување на јавна понуда за откуп или стекнување на мнозински учество. Овде е јасно дека за сите овие 3 случаеви се применува изразот а по склучување односно по објаваување. Значи известување се поднесување по објавување на јавна понуда за откуп однсно по објавуавње на јавна понуда за стекнување на мнозинско учество . Член 15 е јасен дека известување треба да се достави пред спроведување на концетрацијта без оглед за каков вид на концетрација се работи.

Во реплика полнмошникот на тужителот истакна дека несомнено е дека член 15 од ЗЗК препознава повеќе правни основи по однос на известувањето на концетрација а во конкретниот случај со откуп на акции овој член предвидува дека тоа ќе се направи по објавување на јавната понуда кое нешто го сторил тужителот во конкретниот случај и го доствил известувањето а не како што наведува тужениот оргна пред концетрацијата. Објаснувањето на тужениот орган по однос на постоење на два различни прекршоци сметаат дека е неосновано затоа што со казнувањето на тужителот дека спровел концетрација пред да се донесе решение за концетрација го апсорбира и нормално ги вклучува и дејствијата по однос на неподнесување на известувањето за концетрација. Предложи тужбата да се уважи и оспореното решение да се потврди.

Во реплика овластениот претваник на тужениот оргна Валентина Николовска истакна дека членот 18 е јасен дека концетрација може да се спроведе пред да го донесе решенито Комисијата само доколку странката побара и комисијата донесен решение за иземеље од обврските од став 1 од член 18 од ЗЗК. Предлагаат тужбта да е обие како неоснова и решеното на Комисијата да се потврди во целост.

Во доказната постапка Судот на расправата ги изведе следните докази: Со читање се врши увид во: тужба на тужителот со прилози, Известување за концетрација доставен од тужителот до тужениот оргна на 25.08.2023 година, Допис на тужениот до тужителот за достава на допослнителна документација бр.08-129 од 20.09.2023 година, Известување за концетранција од тужителот до тужениот од 15.09.2023 година, и од 29.09.2023 година, Тековна состојба бр. 0805-50/150020250294475 од 05.08.2025 година за ДТПУ АС СЕЊАК увоз- извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ Кичево, Тековна состојба бр. 0805-50/150020250294467 од 05.08.2025 година за Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево, оспорено Решение на тужениот оргна број «09-18/4 од 25.07.2025» година, Одговор на тужба од тужен оргна со прилог списи, Известување бр. 03-115/1 од 14.07.2023 година на Селаудин Арифи , Допис до Комисија за хартија од вредност бр. 03-115/2 од 07.08.2023 година, Допис бр. 03-115/3 од 09.08.2023 година од Комисија за хартии од вредност , Достава на проект за превземање од Инвест Брокер бр. 03-115/4 од 18.08.2023 година, Решение на Комисија за хартија од вредност бр. 03-115/5 од 21.08.2023 година, Известување бр.03-115/6 од 15.09.2023 година, од Селаудин Арифи , Решение на Комисија од хартија од вредност 03-115/7 од 25.09.2025 година, Известување за концетрација бр. 08-129 од 25.08.2023 година, Барање за дополна за документација 08-129 од 01.09.2023 година, Достава на известување (дополна) бр.08-129 од 15.09.2023 година, Барање дополна бр. 08-129 од 20.09.2023 година, достава на известување ( дополна ) бр. 08-129 од 29.09.2023 година, Решение УП бр. 08-129 од 12.10.2023 година, со достава за прием бр. 08-129 од 13.10.2023 година, Известување до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуреција 08-70 од 28.03.2024 година,

Историјат на промени бр. 0811-50/150020250225781 од 12.06.2025 година, Билансна состојба од 13.03.2025 година, Известување за концетрација бр. 08-92 од 30.05.2025 година , Барање дополна бр. 08-92 од 09.06.2025 година, Дополна бр. 08-92 од 27.06.2025 година , Потврда бр. 08-92 од 02.07.2025 година, Решение бр. 08-92 од 16.07.2025 година, Известување на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуреција бр. 08-92 ОД 22.07.2025 година , известување од КЗК бр. 09-14/1 од 28.03.2024 година, Достава на информација бр. 19-14 /сл од 07.06.2024 година, Заклучок за поведување постапка ПП бр. 19-14/2 од 13.06.2024 година, со проопратано писмо бр. 09-14/3 од 14.06.2024 година, Достава податоци од Селаудин Арифи , ПП бр.09-14/4 од 18.07.2024 година, Електронска порака ПП бр. 09-14/5 од 08.08.2024 година, Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-18/1 од 07.02.2025 година, со препрачано писмо 09-18/2 од 07.02.2025 година, конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-18/3 од 30.04.2025 година, со пропратано писмо бр. 09-18/4 од 30.04.2025 година, Известување од КЗК ПП бр. 08-14/13 од 22.07.2025година, Поднесок од Селаудин Арифи ПП бр. 09-18/6 од 26.08.2025 година

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата од тужениот орган, и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа и изведените докази, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Видно од списите на предметот на ден 28.03.2024 година, од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бил доставен допис ПП.бр.09-14/1 со цел да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член 60 став 1 точка 1 и/или член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

На ден 13.06.2024 година, Комисијата за одлучување по прекршок по службена должност донела Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр ПП 09-14/2 за поведување на прекршочна постапка против тужителот Селаудил Арифи од Кичево, заради неподнесување на известување за концентрација, согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, и заради спроведување на концентрација спротивно на член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата. Закучокот бил доставен до тужителот со пропратно писмо бр.09-14/3 одд 14.06.2024 годна.

По овој заклучок писмено се произнел тужителот со писмен допис ПП бр. 09-14/4 од 18.07.2024 година. На ден 07.02.2025 година тужениот орган донел прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-18/1, кое со допис ПП.бр.09-18/2 од 07.02.2025 година е доставено до тужителот. На ден 30.04.2025 година тужениот орган донел конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-18/3, кое со допис ПП.бр.09-18/4 од 30.04.2025 година е доставено до тужителот. На ден 22.07.2025 година Комисијата доставила допис ПП бр.18/5 до Комисијата за одлучување по прекршоци.

Врз основа на доставените податоци и документи тужениот орган Комисијата за одлучување по прекршоци ја утврдил следната фактичка состојба: согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на концентрација, на ден 16.05.2025 година, дополнето на 05.06.2025 година, 23.06.2025 година и на 03.07.2025 година, од страна на сега тужителот до Комисијата за заштита на конкуренцијата било доставено известување за концентрација дека стекнал контрола над Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево преку купопродажба на акции.

На ден 16.07.2025 година Комисијата донела Решение бр.08-92 со кое утврдила дека концентрацијата со која физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево стекнал контрола над Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево преку купопродажба на акции, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефикасната контрола на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите од Законот за заштита на концентрацијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштина на концентрација.

Имено, според податоците доставени од подносителот на известувањето, пред концентрацијата физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево во Жито Караорман АД Кичево имал 23.26 % од акциите , додека најголемиот акционер лицето Сретен Миладиновски имал 50,10% удели. Видно од Дописот бр.03-115/3 од 09.08.2023 година доставен до Комисијата за хартии од вредност, Жито Караорман АД Кичево има издадено вкупно 11.051 обични акции и физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево има стекнато акции на следните датуми: на 05.02.2023 година 542 акции(4,9%), на 17.05.2023 стекнал 2.057 акции (18.613%) заедно со предходните 23.518%, и на 14.07.2023 година стекнал 5.600 акции (50,674 %) заедно со предходните 74.19%. Врз основа на наведеното утврдено е дека физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево, се стекнал со контрола над Жито Караорман АД Кичево со трансакцијата на 14.07.2023 година кога стекнал 5.600 акции (50,674 %) при што заедно со предходните акции стекнал удел од вкупно 74.19% . Воедно, лице Селаудин Арифи од Кичево е единствен содружник во Друштвото за трговија, производство и услуги АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ Кичево, видно од тековната состојба за наведеното друштво. Согласно член 12 став 1 точка 2 алинеја 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, во конкретниот случај концентрација настанала со промена на контролата на даночната основа, како резултат на стекнување на дирекна контрола над Жито Караорман АД Кичево од страна на лицето Селаудин Арифи од Кичево, а кој веќе контролирал најмалку едно претпријатие Друштвото за трговија, производство и услуги АС СЕЊАК увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ Кичево. Дополнително АС СЕЊАК Кичево имал 100% учество (сопственост) во Друштво за производство, трговија и услуги НОВА АГРО ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје. Видно од податоците во 2022 година заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учеснници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го надминувал износот од 2,5 милиони евра денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, тужениот орган утврдил дека биле исполнети условите за поднесување на известување за концентрација согласно член 14 став (1) точка 10 и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно кој морало да биде поднесено известување за концентрација до Комисијата, односно неспорно постоела обврска за физичкото лицѐ Селаудин Арифи да достави до Комисијата известување за концентрацијата пред трансакцијата од 14.07.2023 година. Одтука, тужителот Селаудин Арифи како стекнувач на контролата над Жито Караорман АД Кичево, иако согласно член 15 од Законот бил должен до Комисијата да достави

известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, односно пред 14.07.2023 година, истиот не поднело целосно известување за концентрацијата во наведениот период, со што сторил прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата. Тужениот орган утврдил и дека физичкото лице Селаудин Арифи како стекнувач на контролата над Жито Караорман АД Кичево, иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смеел да ја спроведе концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое утврдила дека концентрацијата е во согласност со Законот, тужителот ја спровел концентрацијата на 14.07.2023 година, кога стекнал 5.600 акции (50,674 %) заедно со предходните вкупно 74.19%, над Жито Караорман АД Кичево, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба тужениот орган го донел сега оспореното решение ПП.бр.09-18/4 од 25.07.2025 година, со кое во точка 1 во диспозитивот, утврдил дека тужителот Селаудин Арифи од Кичево, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата бил должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата, да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување, односно пред 14.07.2023 година, истиот во наведениот период не поднел известување за концентрација, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на тужителот Селаудин Арифи од Кичево му се изрекува санкција-глоба во износ од 307.000 денари што претставува 0,1% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, додека пак во точка 2 уод диспозитивот утврдил дека тужителот Селаудин Арифи од Кичево иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смеел да ја спроведе концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, тужителот ја спровел концентрацијата на 14.07.2023 година, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот за заштита од конкуренцијата за што на тужителот Селаудин Арифи од Кичево му се изрекува санкција-глоба во износ од 1.291.000 денари што претставува 0.418 % од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 27 од Законот за прекршоците, на тужителот за прекршоците му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.598.000 денари што претставува 0,517 % од вредноста на од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Селаудин Арифи од Кичево остварен во 2022 година како година која и претходи на концентрацијата, која се задолжени да ја платат во рок од 30 дена од правосилноста на решението.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 12 став 1 точка 2 алинеја 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" број 145/10..83/18 и Службен весник на РСМ бр.208/24 и 16/25) Концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на: стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие или едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон.

Согласно член 14 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, Известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата се поднесува, ако:1) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или 2) заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата.

Согласно член 15 став 1 од истиот Закон, учесниците во концентрацијата должни се до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието. Согласно став 3 од истиот член, За концентрацијата која настанува како резултат од спојување во смисла на член 12 став (1) точка 1) од овој закон или со стекнување на заедничка контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од овој закон, заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола. Во сите други случаи, известувањето го поднесува лицето односно претпријатието кое ја стекнува контролата на цело или дел од едно или повеќе претпријатија.

Согласно член 18 став 1 од истиот закон, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно член 15 од овој закон, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од овој закон, во смисла на член 19 став (1) точка 1) и 2), член 20 став (1) точка 1), 2) и 3) или пред да биде исполнета претпоставката од член 24 став (6) од овој закон.

Согласно член 60 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, комисијата за одлучување по прекршок на учесниците во концентрацијата кои имаат обврска да поднесат известување од член 15 од овој закон, со решение ќе им изрече глоба во износ до 10% од вредноста на нивниот вкупен годишен приход, пресметан согласно член 16 од овој закон, изразена во апсолутен и номинален износ, ако: 1) не поднесат известување за концентрацијата во согласност со член 15 од овој закон; 2) ја спроведат концентрацијата спротивно на член 18 став (1) од овој закон.

Од изложената правна и фактичка состојба, имајќи ги предвид цитираните одредби и доказите во списите на предметот, Судот најде дека тужениот орган во постапката, правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и во корелација со претходно наведените законски одредби, донел правилена и законита одлука, кога утврдил дека тужителот Селаудин Арифи како стекнувач на контролата над Жито Караорман АД Кичево, иако согласно член 15 од Законот, бил должен до Комисијата да достави известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, односно пред 14.07.2023 година, истиот не поднело целосно известување за концентрацијата во наведениот период , со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Тужениот орган утврдил дека физичкото лице Селаудин Арифи како стекнувач на контролата над Жито Караорман АД Кичево , иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, не смеел да

ја спроведе концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое утврдила дека концентрацијата е во согласност со Законот, тужителот ја спровел концентрацијата на 14.07.2023 година , кога стекнал 5.600 акции (50,674 %) заедно со предходните вкупно 74.19%, над Жито Караорман АД Кичево, со што сторил прекршок од член 60 став 1 точка 2 од Законот.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи, дека тужителот постапувајќи во согласност со членот 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, доставил Известувања за концентрација до Комисијата на 25.08.2023 година, на 15.09.2023 година и на 29.09.2023 година, како и дека во конкретниот случај имало молчење на администрација односно Комисијата наместо во рок од 90 дена од доставување на известувањето во 2023 година, донела Решение за предметната концентрација, 2 години подоцна на ден 16.07.2025 година, но Судот истите ги оцени како неосновани, и без влијаие за поинакво одлучување. Ова, имајќи го предвид фактот дека Комисијата за заштита на конкуренција, по приемот на известуањето и доставената потребна документација, утврдила дека истото е нецелосно и не ги содржи сите потребни податоци и потребна документација согласно член 15 став 4 од Законот за заштита на концентрација, заради што со Допис бр.08-129 од 01.09.2023 година, побарала истото да се дополни, на што тужителот-подносителот на известувањето доставил дополнување на известувањето на 15.09.2023 година. Бидејќи дополнувањето не ги содржело потребните податоци, дополнително Комисијата со допис бр.08-129 од 20.09.2023 година повторно побарала дополнување на известувањето во рок од 15 дена, по што на ден 29.09.2023 година, подносителот на известувањето доставил дополна. По повторно разгледување на дополнително доставените документи и објаснувања Комисијата утврдила дека Известувањето не е дополнето во целост, заради што Комисијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренција и член 39 од Законот за општа управна постапка на ден 12.10.2023 година, донела Решение бр.08-129 со кое известувањето за концентрација Уп.бр. 08-129 од 25.08.2023 година, дополнение на 15.09.2023 година и на 29.09.2023 година поднесено од физичкото лице Ариф Селаудин го отфрлила, бидејќи Известувањето за концентрација било нецелосно. Дополнително, тужениот немал законска пречка веднаш да поднесе ново известување за конентрација со сите потребни податоци и документација, но тужителот нови известување за концентрацијата согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на концентрација, поднесува на ден 16.05.2025 година, дополнето на 05.06.2025 година, 23.06.2025 година и на 03.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата , со кој известува дека стекнал контрола над Мелничко пекарска индустрија Жито Караорман АД Кичево преку купопродажба на акции .

Судот ги оцени како неосновани и наводите на тужителот дека кога веќе тужениот орган донел Решение бр.08-92 со која ја одобрила концентрација на 16.07.2025 година, Комисијата за одлучување прекршоци не била во можност подоцна со побиваното Решение од 25.07.2025 година да утврди дека концентрацијата била спроведа без да биде донесено Решение за концентрација која впрочем веќе постела во правен промет, со оглед дека и по оценка на Судот, правилно Комисијата постапила кога го донела оспореното решение со кое утврдила дека тужителот постапил спротивно на член 18 став (1) од Законот за заштита на концентрација со глед дека ја спровел концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренција донела решение со кое утврдила дека предметната концентрација е во согласност со законот, но истиот ја спровел концентрацијата на 14.07.2023 година, со што сторил прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот. Согласно наведеното, неподнесување на известувањето само по себе ги содржи елементите на прекршок од член 15 од

Законот, независно од тоа кога е спроведена концентрацијата , додека пак членот 18 ја уредува забраната за спроведување на концентрацијата пред да биде донесено решението за концентрацијата од страна на Комисијата, без оглед дали известувањето било или не било поднесено, па одтука по оценка на Судот во конкретниот случај не се работи за ист прекршок со ист опис на дејствија на прекршок, туку за две различни правни обврски од Законот за заштита на конкуренција, чија повреда повлекува различни санкции согланo законот. Со оглед на наведеното, Судот најде дека не се основани наводите за погрешна примена материјалното право од страна на тужениот орган кога утврдил прекршочна одговорност за дејствијата на прекршокот, за кои изрекол две прекршочни санкции.

Следствено на горенаведеното, тужениот орган како надлежен орган согласно горецитираните одредби од Законот за заштита на конкуренцијата, по правилно спроведената прекршочна постапка, правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и согласно претходно посочените законски одредби, Комисија за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата, правилно утврдила дека во конкретните дејствија кај тужителот се содржани потребните елементи за сторен прекршок заради неподнесување на известување за концентрација, согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, и заради спроведување на концентрација пред да биде донесено решението за концентрацијата, што е спротивно на член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, и претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со оглед на напред изложеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови, како во изреката на оваа одлука.

Пресудено во Управен суд на 17.02.2026 година, под УПРК.бр.23/2025.

Записничар – судски советник
м-р Наташа Витанска

Претседател на совет- Судија
Елизабета Васкова

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите да платат судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужителите- полномошник
- тужениот орган

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник

Претседател на совет- Судија
Елизабета Васкова